Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-288/6
17-6-25 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-288/1 од 11.3.2025 година поднесена од , со адреса на живеење на ул. во Прилеп против ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп и од Прилеп, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 3.6.2025 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп и д-р од Прилеп врз .рз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 11.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") е поднесена претставка заведена под архивски број 08-288/1 од страна на против ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп и д-р од Прилеп, врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката наведува дека на ден 19.12.2025 година од страна на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бил распишан оглас за одобрување на специјализации и супспецијализации на здравствени работници вработени во јавни здравствени установи. Во однос на Јавна здравствена установа – Општа болница со проширена дејност – Прилеп, била предвидена една специјализација. Рокот за пријавување бил 30 дена од објавувањето на огласот до архивата на Факултетот или по пошта, поточно до 17.1.2025 година. Подносителот наведува дека на ден 30.12.2024 година бил распишан интерен оглас за упатување на специјализација на вработени здравствени работници во болницата. Подносителот, како вработен во болницата на работното место

на ден 3.1.2025 година уредно ги доставил потребните документи. Во продолжение, подносителот наведува дека интерниот оглас бил поништен по истекот на законскиот рок за доставување на документацијата до факултетот. Тој тврди дека не добил никакво известување во врска со тоа до каде е постапката за избор и од таа причина доставил Известување бр.
одина со цел укажување на запазување на рокот за поднесување на документите до факултетот. Дополнително, доставил и барање за информации од јавен карактер за да му била доставена копија од Одлуката за избор на кандидат по распишаниот интерен оглас, со арх. бр. ина. Подносителот добил Известување за запрена постапка по објавен оглас бр. 02-215/4 од 31.12.2024 година и Одлука бр. 02-310/3 од 12.2.2025 година со која се поништува Одлуката за потреба од упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп со бр. 02-

2315/3 од 31.12.2024 година, а со известување постапката била запрена по предлог на комисијата.

Во прилог на претставката беше доставена следната документација:

1. Фотокопија од приемен штембил за документи дина
2. Фотокопија од оглас објавен во дневен весник „Нова Македонија" за одобрување на специјализации и суспецијализации
3. Фотокопија од интерен оглас за упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп од 30.12.2024 година со бр. 02-2315/4 од 31.12.2024 година
4. Известување бр. одина
5. Фотокопија од барање за информации од јавен карактер со бр. година
6. Фотокопија од Известување од
7. Одлука од Управен одбор бр. , година
8. Известување за запрена постапка по објавен интерен оглас
9. Одговор по иницијатива доставена од Државен санитарен и здравствен инспекторат
10. Кривична пријава до Основно јавно обвинителство – Прилеп

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.3.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до Општа болница со проширена дејност – Прилеп, заведено под архивски број 08-288/2.

На ден 7.4.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката од страна на доктор вработен во Општа болница со проширена дејност – Прилеп, заведено под архивски број 08-288/3.

Наведено е дека д-р бил на Комисијата за разгледување на документи по објавен интерен оглас за упатување на специјализација на здравствени работници во болницата. Во таа смисла, тој наведува дека Комисијата била формирана со решението за нејзино именување со строго утврдена надлежност, поточно изготвување на ранг листа на кандидати, врз основа на јасно дефинирани критериуми. Оттука, наведено е дека комисијата немала одлучувачка функција, ниту пак дискреционо право да предлага запирање на постапката, сама да ја стопира постапката или на кој било начин да влијае врз конечната одлука за избор на кандидат за специјализација. Согласно Законот за општата управна постапка, конечната одлука за натамошниот тек на постапката ја носи раководното лице на институцијата. Видно од Записникот од Комисијата за разгледување на документи по објавен интерен оглас за упатување на специјализација на здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп бр. година, од страна на Комисијата не било предложено да се запре постапка од причина што можноста за предлагање на запирање на постапката не постоела во рамките на надлежноста на комисијата. Во продолжение е објаснето дека согласно позитивните законски регулативи, членовите на комисијата имале основ за поднесување на барање за изземање, поради формално-правни причини поврзани со административно пропусти. Оттука. Наведено е дека правото на барање за изземање е лично и индивидуално за секој член и е легитимен правен механизам. Во однос на тврдењата дека одредени дејствија биле преземени поради политичка припадност, наведено е дека тој не е припадник на ниту една политичка партија, ниту дејствувањето во рамките на комисијата било мотивирано од некакви политички интереси.

**Видно од доставениот Записник од Комисијата за разгледување на документи по објавен интерен оглас за упатување на специјализација на здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп бр. година** произлегува дека на објавениот интерен оглас од кандидатите било побарано да достават документ, односно потврда за познавање на англиски јазик, кој како услов не бил наведен како потребен ниту во Огласот кој бил објавен од страна на Стоматолошкиот факултет, ниту во Правилникот на институцијата. Понатаму, наведено е дека Комисијата не можела да обезбеди кворум за работа поради професионални и лични причина. Од таа причина, Комисијата не успеала да го запази предвидениот рок од пет дена по завршувањето на огласот за спроведување на задачите.

<u>Во прилог на произнесувањето беше доставена следната документација:</u>

1. Записник од Комисијата за разгледување на документи по објавен интерен оглас за упатување на специјализација на здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп б година
2. Барања за иземање на член од Комисија за селекција

На ден 25.4.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Ургенција за произнесување по наводите од претставката до Општа болница со проширена дејност – Прилеп, заведено под архивски број 08-288/4.

На ден 14.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката од страна на Општа болница со проширена дејност – Прилеп – доктор

Во произнесувањето е наведено дека стручниот колегиум при болницата доставил Известување до Управниот одбор дека установата нема потреба од упатување на специјализација на кадар по орална хирургија. И покрај таквото известување, претходниот состав на Управниот одбор на болницата, спротивно на член 9 од Правилникот за специјализација, супспецијализација и стручно усовршување на здравствени работници, здравствени соработници и други работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп на својата 52-ра седница одржана на 30.12.2024 година кога донел Одлука за потреба од упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп бр. година. Следствено, новиот состав на Управниот одбор констатирал дека распишаниот Интерен оглас за упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп, донесен врз основа на горенаведената одлука е ништовен.

<u>Во прилог на произнесувањето беше доставена следната документација:</u>

1. Известување со бр. ина
2. Одлука за потреба од упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп б година
3. Интерен оглас за упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп со бр година
4. Одлука за поништување на Одлука за потреба од упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп бр. 02-2315/3 од 31.12.2024 година, со бр. 02-310/3 од 12.2.2025 година

5. Правилник за специјализација, супспецијализација и стручно усовршување на здравствени работници, здравствени соработници и други работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност

**Ценејќи ги наводите во претставката и произнесувањата по истата, како и доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:**

На ден 30.12.2024 година, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп објавила интерен оглас за упатување на специјализација на здравствени работници. Подносителот на претставката, вработен како уредно аплицирал на овој оглас на ден 3.1.2025 година, доставувајќи ја потребната документација.

Од доставениот Записник на Комисијата за разгледување на документи произлегува дека при оценување на кандидатите, било побарано да се достави потврда за познавање на англиски јазик, иако таков услов не бил предвиден ниту во Огласот објавен од Стоматолошкиот факултет, ниту во Правилникот за специјализација на установата. Комисијата, исто така, навела дека не можела да обезбеди кворум за работа поради професионални и лични причини, поради што не успеала да ја спроведе постапката во предвидениот рок.

Дополнително на ова, Стручниот колегиум при установата доставил Известување дека нема потреба од упатување на вработен на специјализација по орална хирургија, иако Управниот одбор од претходниот состав донел Одлука за нејзино спроведување. Новиот состав на Управниот одбор на болницата донел Одлука за поништување на претходната одлука, по што постапката била запрена. Во текот на постапката, не се утврдија докази дека дејствијата на раководството или членовите на Комисијата биле мотивирани од политичката припадност на подносителот на претставката.

Во таа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

**Со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** *„се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.“*

**Согласно член 9 од Правилникот за специјализација, супспецијализација и стручно усовршување на здравствени работници, здравствени соработници и други работници во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност**:

*„Одлука за потреба од упатување на специјализација и супспецијализација донесува Управниот одбор на Општата болница врз основа на Програма за потреба од специјалистички и супспецијалистички кадри на Општа болница, од член 4 на овој Правилник, а по мислење на Стручниот колегиум на Општа болница".*

**Во конкретниот случај, подносителот на претставката не стори веројатно дека врз него е извршена дискриминација од страна на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп и д-р врз основа на политичка припадност. Имено, причините за поништување на интерниот оглас се засноваат на формално-правни пречки и институционални постапки спроведени од страна на болницата. Во таа смисла, новиот состав на Управниот одбор на установата донел одлука за поништување на претходната одлука поради тоа што истста била донесена во спротивност со добиеното Известување од Стручниот колегиум. Дополнително, не постојат докази дека подносителот бил третиран понеповолно во споредба со други лица во слична ситуација, ниту пак дека биле преземени дејствија што имаат за цел или резултат ограничување на неговите права само поради неговата политичка припадност. Напротив, процедурата за оценување на кандидатите не била довршена поради неможноста на Комисијата да обезбеди кворум, што е административна пречка. Во оваа смисла, поништувањето на огласот не може да се доведе во директна причинско-последична врска со политичката припадност на подносителот, особено ако се има предвид дека не е избрано друго лице на негово место и не е докажано дека одлуките биле мотивирани од политички причини.**

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и не утврди дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- , со адреса на живеење на ул Прилеп
- ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп, со седиште на ул. Трајко Тарцан б.б. 7500 Прилеп